20___ година viti Потпис Nënshkrimi

Врз основа на член 70-в став (1) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија” бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 265/24 и 132/25), министерот за култура и туризам донесе:

# ПРОГРАМА
# ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА НОВИ ОБЈЕКТИ И ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА, САНАЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА ПОСТОЈНИТЕ ОБЈЕКТИ ШТО ГИ КОРИСТАТ ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2025 ГОДИНА

1. Во Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат јавните установи од областа на културата за 2025 година, бр. 50-827/3 од 24.2.2025 година, во точката 2 табелата се менува и гласи:

„

| **Ред. бр.** | **Опис на активноста** | **Носител на активноста** | **Износ на финансиски средства** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Реконструкција на објект „Универзална сала” во Скопје | Министерство за култура и туризам | 18.775.000,00 денари |
| **2.** | Изградба на објект наменет за НУ Турски Театар во Скопје (фаза: термотехнички, електротехнички и хидротехнички инсталации и дел градежни и градежно-занатски работи) | Национална установа - Турски театар - Скопје | 115.000.000,00 денари |
| **3.** | Изградба на нов објект наменет за театар и библиотека во Тетово | НУ Центар за култура „Иљо Антески – Смок” Тетово | 11.801.566,00 денари |
| **4.** | Санација на блок 3 и блок 5 од покрив на стариот дел од објектот на НУ Национална и Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски” – Скопје | НУ Национална и Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски” – Скопје | 24.000.000,00 денари |
| **5.** | Санација на проодни тераси на | НУ Македонски | 1.955.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | објектот на НУ Македонски народен театар | народен театар - Скопје | денари |
| **6.** | Изведба на работи за реконструкција на објект на поранешно кино „Партизан" во Битола при НУ „Народен театар" – Битола | Министерство за култура и туризам | 10.000.000,00 денари |
| **7.** | Реновирање и уредување на просторот и санација на инсталациите на подрумските простории во зградата на НУ Национална опера и балет во Скопје | Министерство за култура и туризам | 4.300.000,00 денари |
| **8.** | Санација на кровна купола, хоризонтални олуци и партер на објектот на НУ Театар „Јордан Хаџи Константинов – Џинот" - Велес | НУ Театар „Јордан Хаџи Константинов – Џинот" - Велес | 332.000,00 денари |
| **Вкупно** | | | **186.163.566,00 денари** |

Точката 3 се менува и гласи:
„Финансиските средства за реализација на активностите од точка 2 од оваа Програма, во износ од 186.163.566,00 денари, се обезбедени од буџетската сметка на Министерството за култура и туризам од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, од раздел 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата, програми – 40, 49 и 84 од ставките 482 – Други градежни работи, и од програма 41- Драмска дејност, ставка 482 – други градежни работи од посебната сметка на Министерството за култура и туризам, наменети за активноста под реден број 2.".

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на веб страницата на Министерството за култура и туризам, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Министер за култура и туризам,
Зоран Љутков

Бр.50-827/6
29.12.2025 година
Скопје

**Образложение**

Министерството за култура и туризам ја донесе Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат јавните установи од областа на културата за 2025 година, бр. 50-827/3 од 24.02.2025 година. Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука за давање согласност на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат јавните установи во областа на културата за 2025 година бр. 50-1540/7 од 3 април 2025 година, со која се даде согласност на оваа Програма. Одлуката е објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 72/25, а Програмата е објавена на веб страната на Министерството за култура и туризам.

Министерството за култура и туризам со Програмата за изменување на програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат јавните установи од областа на културата за 2025 година, врши измена на дел од предвидените активности во делот на предвидените износи на финансиски средства, односно се врши усогласување со Изменувањето и дополнувањето на Буџетот за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/25), како и со дополнителното прераспределување и пренаменување на финансиските средства, како и пренесување на дел од средствата од сметките на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија со Законот за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 156/25), се со цел за реализација на предвидените активности во Програмата.

Програмата за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат јавните установи од областа на културата за 2025 година опфаќа намалување на предвидените износи на финансиски средства кај проектните активности под реден број 3, 7 и 10, активностите со реден број 4, 5 и 11 се бршат поради нереализирани исплати на финансиски средства, додека пак зголемување има кај активностите со реден број 2 и 8. Останатите проектни активности од Програмата остануваат со непроменет износ на финансиски средства.

Според тоа, Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат јавните установи од областа на културата за 2025 година, од првично предвидените финансиски средства во износ од 123.775.000,00 денари се зголемува на 186.163.566,00 денари. Финансиските средства за реализација на Програмата се реализираат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, од раздел 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата, програми – 40, 49 и 84 од ставките 482 – Други градежни работи, и од програма 41 - Драмска дејност, ставка 482 – Други градежни работи од

посебната сметка на Министерството за култура и туризам наменети за активноста под реден број 2, односно за изградбата на објектот наменет за НУ Турски театар во Скопје.